Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. „Јане Сандански“ 111, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051 Факс.+389 2 2401 049 http://www.moznosti.com.mk e-mail: contact@moznosti.com.mk

Градете ја својата кариера и развивајте се како професионалец во примената на ИТ технологиите во областа на финансии и банкарство со Штедилница Можности. Штедилница Можности вработува:

**Дата база администратор и ИТ поддршка во оддел за апликативен софтвер, во сектор ИТ**

**Работни задачи:**

- Администрација на бази на податоци и анализа на податоци во база,
- Анализа на функционалности на банкарската апликација,
- Изработка на различни извештаи и прегледи од базата на податоци, а во врска со работењето на штедилницата,
- Корисничка поддршка за работење со софтверски продукти,
- Комуникацијата со развивачот на софтверот за примени барања од корисници,
- Го следи развојот на сите барања за промени во банкарската апликација,
- Креирање и ажурирање на техничките упатства за корисниците за употреба на апликативните решенија,
- Водење на соодветна документација од делокругот на работењето,
- Спроведување на примени барања од корисници,
- Постојана комуникација со корисниците и развивачот на софтверот.

Дата база администраторот, заедно со останатите членови на тимот во ИТ сектор ќе учествува во:

- Креирањето и имплементацијата на политиките и процедурите за воведување на софтверски решенија, и
- Корисничка поддршка за работење со софтверски продукти.

**Потребни квалификации и вештини:**

- Соодветно познавање на SQL, PL/SQL, и познавање на Oracle DB (основно или напредно ниво),
- Високо образование и/или средно образование со соодветно работно искуство,
- Самоиницијативност и способност за тимска работа,
- Добри комуникациски способности,
- Мотивираност за проучување, совладување и примена на нови методологии, техники и технологии.

**Бенефиции:**

- Предвиден буџет за нето плата до 70.000 денари, во зависност од знаењето и работното искуство,
- Континуирани обуки за професионален развој,
- Работа во интересна и динамична работна средина.

Штедилница Можности нуди одлични услови за работа и можност за стручно усовршување, како и напредок и развој во кариерата во интересна и динамична работна средина.

Заинтересирани кандидати, доколку сакате да станете дел од нашиот успешен тим, испратете CV на e-mail:rabota@moznosti.com.mk и contact@moznosti.com.mk,

Вашите апликации за вработување ќе бидат третирани со строга доверливост.